# ARC•PEACE Официјален извештај 2014

(усвоен на состанокот на Генералното собрание во Виена, 28 Април 2014 год.)

## Свет во ненадејна и динамична транзиција

Голем број на критични промени на глобално ниво влијаат на националните и локалните услови за социјален развој , како и локалното урбаното планирање.

Климатските промени го претставуваат човештвото со ургентна потреба за акција. Моменталните напори за спречување на климатските промени нема да бидат доволни, така да, сушите, поплавите, зголемените морски нивоа ги поплавуваат ниско крајбрежните области, вклучувајќи ги градовите , критичната инфраструктура, како и други сродни климатски катастрофи кои се неизбежни.Градови и регионите се директно погодени, како и живот на масите, особено обесправените и сиромашните. "Климатските бегалци" ќе бидат чинители за преструктуирањето на светската популација во блиска иднина, особено за населението со ниски приходи кое е најмногу изложено на ризик. Други форми на загадување на животната средина, како што се зголемената потрошувачка и прекршувањето на отпадните циклуси ја загрозуваат еколошката разновидност и ги загадуваат светските мориња, создавајќи планини од отпад.

Се соочуваме со избор помеѓу фосилни горива со продолжени емисии на стаклени гасови и други форми на уништување на животната средина, или пак транзиција кон обновливи извори на енергија кои би требало да започнат пред неколку децении. Од друга страна, горивото останува скапо и претставува сериозен проблем во многу од јужните земји кои се подложни на приходни разлики. Некомпетентноста и алчноста на пазарната економија го спречува рационалниот избор , рамножувајки нови национални кризи кои водат кон сиромаштија, концентрација на економската моќ на глобално ниво, предизвикувајќи закани за граѓанското учество, локалната самоуправа и демократијата во сите земји.

"Војната на теророт" ги поттисна човековите права и демократските принципи, поставувајќи ги на нивното место недискриминирачкото затворање, тортурата, развојот на нови оружја со прекршување на принципите на меѓународното право. Покрај тоа, интерпретацијата на војната и конфликтите од страна на мејнстрим медиумите остануваат пристрасни и затоа водат кон зголемена недоверба од страна на јавноста. Додека граѓанското општество продолжува да работи за ненасилно разрешување на конфликти и еднакви форми на демократија, ваквите напори се повеќе се игнорираат или насилно се потиснуваат од страна на политичките лидери и владите од целиот свет, принудени од страна на нуклеарните оружја и конвенционалните воени индустрии. Напорите за да се постигне одржливост на животната средина мора да бидат поврзани со работната сила за социјална правда, човекови права и демократија.

Ваквите глобални промени за поединецот архитект, дизајнер и планер може да изгледаат далечено и ирелевантно во однос на нивниот секојдневен професионален живот, но во многу земји и во многу ситуации на професионалци овие надворешни фактори влијаат на непосредните услови на нивната работа, како и нивната способност пошироко да учествуваат во граѓанскиот живот. ARC•PEACE придонесува со креативни анализи за овие фактори, залагајќи се против сите видови на произлегување на социјална неправда и ги поврзува нашите членови, кои се борат за мир, одржливост и правда.

## Професионални улоги под стрес

Професиите како архитектура и планирање се појавија и изменија во текот на долг временски период. Во поголемиот дел од нашата историја, зградите и објектите беа обликувани од традиционалното занаетчиство, создадено од локалните вредности и материјалните услови. Со текот на времето, проектирањето, градежништвото и локално урбано планирањето помина низ ненадејни промени кога се појави модернизмот и се приклучи со индустријализација во почетокот на 20 век.Како одраз на класната структура, економски услови, и доминацијата на Европа и Северна Америка, се појавија непопуствиви и хиерархиски структури на професионални услуги и сегментација на знаење.Сличен конфликт помеѓу bottom up и top down планирањето, еко-пријателскиот дизајн и употребата на материјали во градежништвото, најчесто е видлива во Кина, Индија, Бразил и други новонастанатите економии. Нерегулираната цена на градежното земјиште и вредностите на недвижностите во голема мера ги оддалечи обесправените и сиромашните од достапно и погодно домување

Заради глобализацијата оваа битка не е повеќе од национален, туку од меѓународен карактер. Меѓународните консултантски светови ја поттикнуваат интеграцијата на сите места во глобалниот пазар и потрошувачки насоченото општество без оглед на локалните услови, потреби или вредности. Ова ги поставува професионалците во зголемена конкуренцијата едни со други, намалувајќи ја вредноста на локалното знаење, кое води кон експлоатација на работниците на сите нивоа и во сите земји.

За поединецот архитект, дизајнер и планер ваквите промени на нивните услови за работа преставуваат нови предуслови за компетентност, независност, знаење и способност да се прилагодат на локалните услови и очекувања. Сепак, тоа е тешко, но не и невозможно за поединецот, инкорпориран во големи трговски дејности, да го наметне интегритетот и контролата над условите за работа. ARC●PEACE треба да ги анализира овие нови услови и нивните професионални последици, и да ги соедини професионалците кои работат на заменување на овие проблеми со подобри системи.

## ARC●PEACE цели

Улогата на ARC●PEACE е да интерпретира промени во професионалната средина и да развие стратегии кои ќе им помогнат на професионалци да се соочат со ваквите предизвици. Ова вклучува:

- Да влијае на други професионални организации преку континуиран дијалог, во поглед на професионални одговорности, етика, компетентност и транспарентност;
- Да се поддржат и поврзат поединечни членови и групи во нивните напори за понатамошна реализација на ARC●PEACE целите во нивната секојдневна работа;
- Да се влијае и да се учествува во развојот на образованието во сите наши професии со посебен фокус на интер-дисциплинарните пристапи, вклучувајќи го социјалното и еколошкото образованието да го поттикне понатамошно архитектонско образование;
- Активно да се иницира и да се поттикне учество во јавна дебата за улогата на теоријата и праксата во архитектурата, дизајнот и локалното урбано планирање во воспоставување на одржливо општество;
- Да ги развиваме нашите сопствени независни медиуми за да ги пренесуваат и дискутираат ARC●PEACE вредностите и ставовите со јавноста;
- Да се споделат поволни примери на успешни практики и проекти за раководење и инспирација;

- Да препознаеме разновидност, локалната мудрост, традиција, култура во дизајнот и процесите на планирање;
- Да се промовираат принципите на Повторна употреба, Редуцирање, Рециклирање во рамките на архитектурата и просторното планирање, користејќи ги веќе постоечките структури на заедницата, без оглед на пол, возраст и вероисповед, да се создаде чувство на заедништво и сопственост.